ПРЕСПА



ВЕСНИК НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

ГОДИНА VIII | БРОЈ 49 | ПУСТЕЦ - АЛБАНИЈА | НОЕМВРИ 2006 ГОД.

Преспа ги избра своите претставници во партијата СТР. 2

Владата во Скопје ни даде надежни ветувања СТР. 3

Кој е и од каде е народот во Голобрдо што зборува македонски? СТР. 4

ОМО „Илинден“ поразен во Брисел СТР. 6

МУЛТИЕТНИЧКО ОПШТЕСТВО САМО НА ХАРТИЈА

Македонската култура закопана два метра под земја

Во последните 15 години систематски се бришеше сè што има презнак македонско - од култура до традиција, а неодамна владата во Тирана одби да го помогне и финансирањето на весникот „Преспа“

Сè што е со презнак македонско државата не сака финансиски да го поддржи

„НЕ!“ за развојот на македонската култура во Албанија.

Да, албанските властодржци одговорија со „Не!“ на барањето за финансирање и развој на македонското малцинство и посебно, на македонската култура во Албанија.

Последните петнаесет години, откако се избриша и се заборави сè од присуството на македонската култура на разните културни манифестации што се одржуваа пред тоа во Албанија, македонските претставници на општествени, политички, културни и други организации, како и поединци, особено што се занимаваат со културата, секогаш го имаат покренувано проблемот за развој на културата на Македонците во Албанија. Но, за жал, речиси ништо не е добиено од тоа, па дури и се оди на згаснување и уништување на сè што носи македонски белези во културата и пошироко.

Така денес, Македонците во Албанија немаат право и можности да учествуваат на ниту една културна манифестација во Албанија, ниту на фолклорни фестивали, ниту на спортски, поетски, етнографски и други манифестации. Македонците во Албанија немаат ниту еден претставник во ниту еден единствен културен дел. Македонците немаат можности да ги искажат своите културни и други животни потреби на никаков јавен сервис или слично.

Како потврда на тоа е и барањето за финансирање на весникот од буџетот на државата, доставено до премиерот на Албанија, како и до министерствата за туризам, култура, младина и за спорт од страна на уредникот на весникот „Преспа“. Одговорот и на тоа барање беше „Не“, бидејќи не можело да се најде „законска основа“ во надлежностите на Министерството за да се финансира весник. Па, господа, кој треба да ја регулира законската основа на ова држава за да имаат право да се финансираат и развиваат рамноправно сите култури на оваа мултикултурна и мултиетничка држава?! Весникот „Преспа“ не е комерцијален производ, па да постојат пречки за негово буџетско финансирање. Напротив, „Преспа“ е гласило на Македонците во Албанија со скромен тираж и има големо значење како во ширењето на информациите, така и за зачувувањето на јазикот, писменоста и на културата на Македонците. Државата Албанија наместо да ги промовира мултикултурните вредности, се реши да го искористи најлесниот изговор - касата е празна за „Преспа“. Владата во Тирана падна на испитот по мултикултура, ќе чекаме поправниот испит да го полага во Стразбур.

Од Редакцијата на весникот „Преспа“

ПО ПОВОД ИЗБОРОТ НА НОВАТА ВЛАДА

Честито, Македонијо

Весникот „Преспа“, од свое и од името на своите читатели, Македонците од Република Албанија, со голема радост ѝ ги честита на Република Македонија изборот на Никола Груевски за нов премиер и победата на ВМРО-ДПМНЕ на парламентарните избори.

„Преспа“ исто така оваа голема победа на ВМРО-ДПМНЕ и на Македонија им ја честита не само на граѓаните на Македонија, туку и на сите Македонци што живеат надвор од матичната држава.

Со голема надеж и верба, на новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ предводена од премиерот Груевски, најискрено ѝ посакуваме големи успеси во сите сфери, како во подобрувањето на севкупните состојби во Република Македонија така и во напреднувањето на културното и духовно обединување на Македонците од целиот свет, бидејќи во оваа влада со голема верба се вперени очите на Македонците од целиот свет.

Од името на „Преспа“
Едмонд Сотир

АКТИВНОСТИ НА МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

Преспа ги избра своите претставници во партијата

Според предвидените задачи на Привременио секреатаријат на партијата Македонска алијанса за европска интеграција во Албанија, во почетокот на август, во селото Пустец се собраа членовите на Месниот комитет на партијата за делот на Преспа и ги избраа телата и луѓето што ќе раководат со партијата во наредните четири години на ова подрачје.

Пред да се направи изборот, по сите села на Преспа се основаа секциите на партијата, се избраа раководствата на секциите како и членовите на Месниот комитет за Преспа.

Врз ознова на структурите на организацијата „Друштво Преспа“ за Преспа се изгради и структурата на партијата на ова подрачје. На таков начин треба да се основаат и месните комитети во Корча, Поградец, Билишта, Гора, Голобрдо, Тирана, Драч и секаде низ Албанија каде што има Македонци, кои досега биле организирани во организациите на „Преспа“, „Мир“, „Мед“, „Гора“ и други.

Една од целите на Месниот комитет ќе биде да се овозможи економски и културен развој за младите да не го напуштаат родниот крај, што ќе рече, Преспа да не се испусти

На собранието на Месниот комитет за Преспа, врз основа на партиската програма, во која се посочени основните начела според кои ќе работи партијата, се одобри и посебна внатрешна платформа изградена врз основа на специфичностите на самото подрачје. Тоа треба да го направат сите месни комитети, кои сè уште не се основани бидејќи, покрај заедничките проблеми, Македонците во Албанија се соочуваат и со различни други проблеми според местата каде што живеат тие.

Секретаријатот на партијата препорачува да се забрза работата за формирање на месните комитети како основа врз која ќе ја потпира партијата и како неопходност за колку побрзо одржување на првиот конгрес на партијата, на кој ќе се изберат и раководните тела на партијата за да таа да може да функционира како една целина. Исто така, врз база на тоа организирање партијата ќе одлучува и за свое презентирање со свои кандидати на локалните и на парламентарните избори во Албанија.

На собранието на Месниот комитет за Преспа се избраа: Тако Гроздановски, претседател; Спасе Мазенковски и Кристо Кристо, потпретседатели; Васил Ѓоли, секретар, и Павле Колевски за благајник. Исто така, се формираа различни работни групи од повеќето полиња на животот, кои се задолжија да направат програми врз база на кои во иднина ќе се развива подрачјето на Преспа во рамките на Еврорегионот, на Националниот парк „Преспа“ како и во рамките на туристичко прогласеното подрачје на Преспа.

Со еден збор, со еден развиен економски и културен живот подрачјето на Преспа да биде добро место за живеење и да не се напушта и да се пусти уште повеќе.

СЕ СЛАВЕШЕ ИЛИНДЕН 2006-ТО ЛЕТО ГОСПОДОВО

Илинденскиот факел пак ќе светне во цела Македонија



Едно сонце ја ѓрее цела Македонија

ИЛИНДЕН, празник. Најголемиот празник на македонскиот народ. Празник над празниците и за Вардарците, и за Егејците, и за Пиринците, и за Преспанците, а и за сите Македонци што се повеќе на број од денешна Македонија, а се распрснати на сто и една страна на овој свет, бидејќи така им било пишано. Тие можеби биле протерани од своите куќи, од своите села, и градови, можеби не ги „собирала“ оваа толку тесна и толку широка Македонија и ги фатиле светските патишта, а на нивните огништа се вкрстиле и ги разгореле секакви раси, вери, нации и што уште не. И ни направија мулти тука, мулти таму, мулти на небо и на земја македонска за денес човек да не знае со кого и како да смени два збора, кому да му поверува и да му раскаже за раните на искасапената душа и срце. Но, сепак, Македонија си останала Македонија, Илинден си остана Илинден и македонскиот живот жилаво се пробива низ лавиринтот за да може еден ден да светне како некогаш, да светне како во времето на Филип, на Александар, на Самуил, на Гоце - да светне и со толкава сила како тогаш кога даваше пример и го водеше овој светски народ кон цивилизацијата. Да светне со цела своја светлина, која, за жал, ние Македонците не ја знаеме секогаш, а ни ја кажуваат другите, странците, учените од македонските учители, кои и ден-денес се служат со македонска основа и вредности во сите полиња на животот.

Еден ден Македонија ќе ги собере под своите крила своите распрснати пилиња, кои сè уште ги бркаат црни светски орли и навистина ќе биде како онаа, некогашната Македонија, каква што и целиот свет ја знае. Тогаш слободно ќе славиме и ИЛИНДЕН, и ФИЛИПОВДЕН, и АЛЕКСАНДРОВДЕН И СИТЕ НАШИ МАКЕДОНСКИ ДНИ

Ех, мори Македонијо! Колку сме знаеле, а не знаеме, колку сме биле вредни, а не вредиме, колку...

А Македонија, сепак, си остана Македонија и Илинден си остана Илинден.

И ден-денес има по некоја искра секаде каде што живеат Македонците, полумакедонците, немакедонците, искра што го пали празничниот илинденско-македонски оган за да ни ги загрее смрзнатите души и срца, да ни даде надеж за живеење, да им покажеме на тие што згаснаа за да свети Македонија, дека не ги заборавивме, дека нивната крв не се тури за џабе, дека еден ден ќе воскреснат во душите и срцата на новороденчињата и ќе ја дигнат мајка Македонија на некогашните височини. Се славеше Илинден на Мечкин Камен, се славеше во Скопје во Битола, се славеше низ цела денешна нецела Македонија. Се славеше некаде отворено, некаде затворено, некаде со развиорено илинденско знаме, некаде со стеги во душите и срцата, кои еден ден ќе препукнат, ќе избувнат од задушеноста и ќе ја дигнат својата тупаница... Се славеше во Егеј, во Пирин, во Преспа, во... секаде каде што има македонско семе. Го славеа сите што одвај ја чекаа оваа празнична илинденска гордост и убавина, го славеа целиот македонски народ и македонските копилиња на кои другите, странците, им го честитаа Илинден бидејќи ги знаат дека се Македонци-немакедонци.

Истото се случуваше и кај нас, кај Македонците во Албанија. Некаде се играше македонско оро, се пееше македонска песна, некаде се вееше полускришно македонското илинденско знаме, некаде се молчеше и се плачеше за македонската немакедонштина, за стегите околу вратот на Македонецот на овие простори, а некаде, богами и се пцуеше по сè она што изгледа и мириса на македонско. Каква иронија на 21 век! Уште човек да не може да дише на свој начин!

Сепак, еден ден Македонија ќе ги собере под своите крила своите распрснати пилиња, кои сè уште ги бркаат црнит светски орли и навистина ќе биде како онаа, некогашната Македонија, каква што и целиот свет ја знае. Тогаш слободно ќе славиме и ИЛИНДЕН и ФИЛИПОВДЕН и АЛЕКСАНДРОВДЕН И СИТЕ НАШИ МАКЕДОНСКИ ДНИ...

ИЛИНДЕНСКИ СРЕДБИ

Владата во Скопје ни даде надежни ветувања

Новиот премиер Никола Груевски и претседателката на ДОМ, Лилјана Поповска, ветија дека со своите колеги ќе ги решаваат проблемите на Македонците на рамноправна и реципрочна основа со положбата на Албанците во Македонија

На собирот и годинава се собраа Македонците од целиот свет

По повод најголемиот празник на македонскиот народ - ИЛИНДЕН, кој се славеше на сите страни каде што живеат Македонците во и надвор од денешна Македонија, претставници на партијата Македонска алијанса за европска интеграција од Албанија, присуствуваа и на прославите што се одржаа во селото Трново, Битолско, од Здружението на Македонците од Егејска Македонија, со седиште во Битола, како и од локалните власти на Битола. Се славеа 103-годишнината од Илинденското востание како и 62-годишнината на АСНОМ.

На овие прослави претставниците на македонската партија во Албанија како и претставник на друштвото „МЕД“ - Македонско-егејско друштво донесоа поздрави од името на македонскиот народ во Албанија.

Македонците од Албанија се сретнаа и разговараа со повеќе македонски дејци, кои работат низ целиот свет во повеќе македонски организации и здруженија. Тие размениија братски поздрави и искуства особено за организирањето на македонскиот фактор низ светот како и за досегашните резултати од тоа организирање.

Исто така македонските претставници од Албанија остварија и неофицијални средби и со новиот премиер на Република Македонија г-дин Никола Груевски (кому му искажаа честитки и за премиерската функција) како и со претседателката на партијата Движење за обнова на Македонија (ДОМ), Лилјана Поповска.

На кусите средби и премиерот и лидерката на ДОМ беа запознаени со организирањето на Македонците во Албанија. Тие си зедоа обврска дека во иднина, во разни официјални средби со своите колеги на Република Албанија ќе инсистираат прашањето на Македонците во Албанија да се решава по принципот на рамноправност и реципроцитет со реализирањето на правата на Албанците во Македонија.

Фактот што досега од Албанија сосема малку, да не речеме ништо, е сторено во остварувањето на правата на Македонците, фактот што Албанија сака да стане дел од Европското семејство а тоа бара исполнување на правата на малцинствата, како и фактот што новиот премиер на Владата на Република Македонија рече дека ќе се залага за решавање на проблемите во рамките на Уставот и законите на двете држави, влева надеж дека и Македонците во Албанија еден ден ќе можат да живеат како рамноправни граѓани на оваа држава, не само во исполнувањето на должностите кон државата, туку и во реализирањето на правата како македонски народ во Албанија.

БРАТСКИ ПОЗДРАВИ ОД СОБИРОТ ВО ТРНОВО

Едно сме каде и да сме

Почитувани браќа и сестри Македонци од Егејска Македонија!

Почитувани пријатели и гости на овој голем и убав македонски собир!

Доаѓам од селото Врбник, од егејскиот дел на Македонија под Албанија, од дел откинат од Македонија тогаш кога страшно ја парчеа нашата мила Македонија светските касапи. Ама, сплај му на Господа, иако распарчени на делови, сепак останавме исти и по крв и по месо, и по вера и по нација, и по чувства и по навики, и на свадбите и на гробиштата, останавме Македонци не од вчера, туку отсекогаш, откако се создаде човештвото на земјата до денес.

Токму затоа ве викам браќа и сестри, затоа ви носам братски поздрави од името на целиот тој народ што живее таму и од името на нашето друштво, кое се вика МЕД, а значи Македонско-егејско друштво.

Навистина ми е драго што сум тука, меѓу вас, меѓу тие што сè уште, и ден-денес, не можат да се помират со страшниот ужас што го вршеле грчките катили, сè додека нè искорнаа целосно од вашите огништа, а вие упорно без престан се борите сè додека не се исполни единствената девиза на вашиот живот: враќање на вашите огништа, во вашите села и градови во вашата и наша Македонија. Исто така мило ми е што ние Македонците, каде и да сме, добро се организираме и се бориме за да успееме да го живееме нашиот живот на наш начин - на македонски начин, така како што мајка нè родила и научила. Тоа е кај сите Македонци, а особено кај нас од егејскиот дел на Македонија. Под името Егеец никогаш не се замислувало и не може да се замисли друго, не постоело и не може да постои освен Македонец ... Егеец-Македонец било и ќе биде од некогаш за секогаш!

Не е далечен денот кога пак ќе славите и ќе славиме сите заедно во Лерин, во Костур, во Воден, во Солун, на Света Гора и секаде каде што е нашето, македонското. Да живее Егејска и цела наша Македонија!

Трново, 2006 година

Не е далечен денот кога пак ќе славите и ќе славиме сите заедно во Лерин, во Костур, во Воден, во Солун, на Света Гора и секаде каде што е нашето, македонското. Да живее Егејска и цела наша Македонија!

ИЗБОРИ ВО АЛБАНИЈА

Едмонд Темелко за градоначалник на Пустец

На претстојните локални избори во Албанија партијата на Македонците ќе има свој кандидат за градоначалник. Едмонд Темелко е избран да биде кандидатот на партијата Македонска алијанса за европска интеграција за градоначалник на општината Пустец на изборите, кои најверојатно ќе се одржат во јануари. Партијата вчера го избра Темелко, а Општинскиот комитет дополнително ќе утврди и листа со 13 кандидати за советници во Советот на Општината.

Едмонд Темелко е долгогодишен активист и претседател на организацијата за заштита на правата на Македонците во Албанија „Друштво Преспа“ и основач на Заедницата на Македонците во Албанија.

ТРКАЛЕЗНА МАСА ВО ТРЕБИШТЕ

Кој е и од каде е народот во Голобрдо што зборува македонски?

Комунистичката држава ја искористи мајсторската професија на жителите на Голобрдо за градење на петгодишните дела на социјализмот и тоа предизвика цели фамилии и села да се иселат од Голобрдо во Тирана, Драч, Елбасан, Берат и на други места. Таму каде што отидоа однесоа и свои традиции и фолклор

Мило ми е да ги изразам и јас моите скромни мисли на оваа тркалезна маса, за еден познат проблем, кој нè засега сите нас. Станува збор за хармонијата и соживотот на припадниците што говорат македонски во покраината на Голобрдо со другите жители, кои ќе ги наречам „тие што говорат албански“. Велам така зашто јас сум партизан на тезата која го штити и аргументира фактот дека нашиот говор е македонски јазик, кој можел да преживее од колено на колено, сигурно со една сиромашна лексика како последица од една 50-годишна изолација од комунистичката диктатура. И сум против тезите без одговорност, според кои ние сме биле надојдени племиња од Мацукили на мати, Терново или Селишта, и што уште не знам. Според оваа теорија, ние сме биле едно племе на скитници или емигранти и, како за иронија, емиграцијата внатре во Албанија ќе продолжуваше и во годините на комунистичкиот пекол, која го обезличи голобордскиот мајстор со градење на утопскиот социјализам.

Интелектуалците од Голобрдо, кои се занимавале и се занимаваат со собирање на фолклорот на подрачјето, чувствуваат колку блиску сме според песната и ората со нашиот блиски сосед.

Ја искажав оваа паратеза за да докажам дека покраината Голобрдо со јазикот, законите, фолклор се соживеала со другиот дел на населението што говори албански. На сите ни се случило да сретнеме луѓе што живеејќи и работејќи со жители од Голбрдо научиле зборови и изрази од нашиот јазик како: леб, вода, брат...

Во Албанија има соживот на различни вери и хармонизација во живеењето на малцинствата и месното население. Можеме да ги спомнеме грчкото малцинство, македонското, арумунското и други, кои со години живееле добро со Албанците, склучувале меѓусеби бракови, меѓусебно ги почитувале и чествувале верските празници и др. Тоа се случило и со Голобрдо. За да го конкретизирам овој реферат со конкретни податоци, трбаше да го разлистам печатотот од 60-тите години, и да го издвојам историскиот момент - земјотресот во декември 1967 годин,а кој разруши илјадници куќи, повеќето на нашето подрачје. Тоа беше најкласичниот пример за триумфот на човечкиот хуманизам и добрососедството над природната катастрофа. Околу три илјади куќи од Клење, Стеблево, Острени, Маќелара, Шупенза и други се изградија или се реновираа.

Фактот е дека во тие години на солидарност си помагаа еден на друг во лошо, што е позитивен пример. Кога читаш новини од тие времиња ти излегува пред очи овој факт: на десетици скици, портрети, репортажи, ниеден новинар не напишал за јазикот што се говореше во Голобрдо. За комунистичкиот режим, тој јазик беше табу-тема, забранет, изумрен.

Истото ќе се повтореше по десет години, ама овојпат земјотресот го разниша грчкото малцинство во Саранда. Со години сум бил таму како новинар и навистина имав тема за мештаните, кои имаа поголема слобода од нас, нивниот јазик се учеше и во училишта. Доброволците дојдени од цела Албанија ги чекаше една голема бандерола, на која на грчки јазик пишуваше „Добредојдовте“. Зошто да не се напишеше и „Добредошли“ на македонски јазик на таа од земјотресот во 1967 година, во Голобрдо?!

Соживотот на жителите на Голобрдо и другите ги поминува границите на оваа покраина. Комунистичката држава ја искористи мајсторската професија на жителите на Голобрдо за градење на петгодишните дела на социјализмот и тоа предизвика цели фамилии и села да се иселат од Голобрдо во Тирана, Драч, Елбасан, Берат и на други места. Таму каде што отидоа тие однесоа и свои традиции и фолклор и склучија бракови со староседелците. Ама поголемото демографско распарчување на покраината на Голобрдо се случи по 90-тите години. Масовното иселување на жителите на Голобрдо во разни градови низ Албанија создало нови комунитети обиколени со албански народ. Ова има и повеќе позитивни страни. Ама едно останува заложник, неодговорено: од каде доаѓаме и кои сме ние? Ориѓината и потеклото треба стручно да се аргументираат. Ако македонскиот јазик на кој го говориме во Голобрдо е сиромав, според некои, не е наша вина, бидејќи и јазикот ни го осиромаши (така како и нашиот живот) самиот комунистички систем, кому не му одговараше едно малцинство на ова подрачје. Денес жителите на Голобрдо се инкуадрирани во неколку културни, етнографски, политички, градежни и други здруженија. Нивна задача, како и на разни стручни лица од Голобрдо да ја извадат на видело вистината.

Фатмир Селими,
новинар и учител во Тирана
(На тркалезна маса за Голобрдо, во Требиште)

Од свеченоста на поставувањето темел на црквата „Свети Илија“

ЕДЕН НАУЧЕН ПОГЛЕД

Книга што им ја крена косата на главата на грчките шовинисти

Приближно така може да се преведе насловот на книгата напишана од професорката Анастасија Каракасиди, која годинава се појави и во Албанија преведена на албански јазик од албански автор. Во неа станува збор за факти и податоци од животот на македонскиот народ на еден сосема мал дел од Егејска Македонија. Анастасија, која е родена и порасната во тие делови на Македонија, која студирала археологија во САД а денес работи како професор по антропологија на Колеџот „Велслен“ во САД, врз факти, живи настани, документи и реалности се осмели да ја докаже вистината на македонскиот народ. Таа пишува: „...денешното население на грчка Македонија има една етничка основа и еден културен фонд целосно поинаков од грчкиот...“. Токму затоа, за пишувањето на вистината, грчките екстремисти ја обвинија Анастасија за „национално велепредавство“ уште во 1993 година, кога објавила делови од книгата, а од некоја тајна десничарска грчка организација повеќепати ѝ се заканија со убиство.

Со сето тоа, Анастасија, со сите закани што ги добивала и по сите одбивања за објавување на книгата, сепак успеа да ја објави оваа вредна студија со непроценливи квалификации за нејзините вредности од страна на историчари и други научници од светот од повеќе области.

Токму затоа драги читатели, особено вие Македонците од Албанија, најдете ја книгата, која кружи на македонски, англиски, албански и на други јазици, прочитајте ја за да дознаете уште повеќе за мачната судбина на македонскиот народ во Егејска Македонија во периодот од 1870 до 1990 година, период што е опишан и во книгата на Каракасиди.

„Житните полиња - Крвните ридови“, на грчката авторка Анастасија Каракасиди е книга што мора да се прочита, без преговорот, секако

Прочитајте ја книгата на Каракасиди, која почнува токму со овие златни зборови во нејзиниот предговор: „Македонија е еден збор, кој, за долго време име евакуирано во мислите на многу Грци како и на странци, како перцепција и на еден древен свет, истовремено силен и прекрасен. Овие перцепции се изградени и од археолошките откритија и историските легенди околу таквите личности како на Александар Велики и неговиот татко, Филип Втори Македонски...“

Без да му обрнете поголемо внимание, па дури и воопшто да не го читате предговорот на албанскиот преведувач, кој ја искривува вистината за Егејска, па и за цела Македонија, во оваа книга ќе најдете факти и аргументи со кои треба да се гордеат Македонците.

Од наша страна, секоја чест за големата Анастасија.

ЛЕГЕНДИ И ВИСТИНИ

Врбник - врбата од која се направи столбот на јунаштината македонска

Има повеќе легенди за потеклото на името на ова денес најзаборавено село, кое се наоѓа во најисточниот дел на Албанија, а некогаш му припаѓаше на Македонија, на Егејска Македонија до таа пуста 1913 година, кога се распарчи и цела Македонија.

Сега Врбник тука останато пусто, во оваа сепак убава и плодна долина, од сите страни обиколено со планини и ридишта, кои со години се исечени и испустени, скоро целосно покриено со староста и сиромаштијата, ова македонско село, ти се чини како да ги брои последните дни или можеби се занимава со легендите за потеклото на името (според кои, името дошло од една голема врба покрај чешмата среде село од која некогаш течеше безмерно студена вода или од појасот високи врби кој се протегаше покрај реката под селото...) или можеби се занимава со спомените за некогашниот убав селски живот, кога се славеа Велигден, Ѓурѓовден и ред други верски празници, кога се славеше роденденот на новороденчињата или се правеше свадба, која личеше на селска свадба, на која се играше и пееше на македонски цели денови од вечер до зори; можеби ги спомнува уште подалечните периоди од животот пред тринаесеттата, кога селаните се збратимуваа со другите егејски села што денес се под Грција, како што се Вембел, Смрдеш, Рула, Габреш и други села, од кои се посветувале, се љубеле и се земале младите, се правеле свадби, венчавки, крштенки и сè друго на македонски начин, а гајдите, зурлите и тапаните ечеле и ечеле без престан нив овие ридишта и планини, низ овие прекрасни, плодни долини, правејќи го животот убав и среќен за живеење.

Можеби така тајно, сè уште со голема надеж за еден посреќен живот, Врбник повикува да се вратат синовите и ќерките, да го разубаваат и развеселат селото, да раѓаат деца што повеќе и селските улици да вријат од нив, од радоста и песната на децата, од блеењето на овците и јагњињата, од кравите и коњите, од...

Мотив од Преспа

Е, колку убави и среќни спомени има ова старо село, толку има и лоши и горчливи спомени, кои се лечеле со текот на времето. Се лечеа горчливите спомени за тоа како ова село се откина од пазувите на Македонија, се откина од стеблото македонско и остана само. Се лечеа спомените од пустата страшна грчка Граѓанска војна, која заврши со целосно уништување на Македонците и во деловите под Грција, а селото Врбник, чекајќи ги и праќајќи ги своите браќа и сестри Македонци во долгиот непознат пат, сите оние илјадници што успеале да ја преминат границата и да куртулат од грчкиот куршум, боледуваше и офкаше во долината поради пострашната судбина што ги дочека Македонците од Вмбел, од Габреш, од Руља, од Лерин, од Воден, од цела Егејска Македонија. И тогаш, и само тогаш Врбник му се предаде на својата судбина, која ја кроеше и сè уште ја кројат тие, другите, тие што немаат ништо заедничко со Врбник, а ја имаат власта над него бидејќи така било пишано, бидејќи е и остана македонско.

И Врбник почна да го живее новиот живот, во новите услови диктирани од другите. Храброста, мудроста и љубовта за животот ги претвори селаните на Врбник во луѓе што знаат да се приспособуваат и да напредуваат во животот и во потешки услови. И успеале. Успеаја да се образуваат и да станат учители, инженери, лекари, агрономи, доктори на науки, па дури и раководители на врвни места на локално и централно ниво на Албанија. Успеаја и да ѝ се спротивстават на албанската асимилаторска диктатура тогаш кога сакаше да му го промени и да го албанизира името на селото така како што направи и со имињата на селата во Преспа под Албанија. Успеаја да се спротивстават кога сакале да ги албанизираат и имињата на новороденчињата итн. Успевале секогаш, ама, за жал, не можеа да го изградат селото и да ги подобрат тешките услови за живот, па повеќето од нив, особено младата генерација, го запуштија селото и тргнаа низ светските патишта. Тргнаа во сите правци ссо цел да најдат подобар живот. Денес ова некогашно гордо село, ова село - столб на храброста и јунаштината македонска, како да тоне во мрачниот пекол, како да седи и да ги брои последните дни, можеби си ги спомнува и си ги прикажува легендите за потеклото на името на селото, легендите за основањето и основачите на селото, легендите и приказните за минатите добри и среќни времиња, кога пазарџиите пазарувале во Лерин, во Костур, во Воден, во Солун од каде што носеле свила и коприна за убавите моми и невести и суво грозје за дечињата. Можеби... Можеби така тајно, сè уште со голема надеж за еден посреќен живот Врбник повикува да се вратат синовите и ќерките, да го разубаваат и развеселат селото, да раѓаат деца што повеќе и селските улици да вријат од нив, од радоста и од песната на децата, од блеењето на овците и јагњињата, од кравите и коњите, од... од сè што е селско, што е радосно и среќно, што те полни со надеж за животот да продолжи понатаму така, среќен, убав, на македонски начин...

Јане Ѓамо, претседател на Македонско-егејско друштво (МЕД)

ПО ПОВОД 92-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЛЕМИОТ ПИСАТЕЛ СТЕРЈО СПАСЕ

Првите чекори на младоста

...Тоа малечко дете, кое утрото на 14 август 1914 година беше најсреќната вест за семејството на Спасе Ничевски во селото Глобочани - кое ден за ден растеше со кадрави разбранувани коси, густи како горичките кории, со тие сини очиња како водите на езерото, со тоа бело и чисто лице како млеко, кое му го привлекуваше вниманието на сите патници, а особено на младите невести, кои кога ќе го виделе на улица, ќе го дигнале на раце бакнувајќи го огнено по црвено-белите обравчиња и по црните густи коси - тоа дете многу брзо и интензивно го мина детството, и без да измери временските параметри, со голема волја, како „Сувогорските јунаци“ се дигна на врвовите на албанската литература. „...Недостижен во мислите, недостижен во писмата... постојан уметник во создавачкиот процес на литературата...“

...Стерјо Спасе, едно љубопитно дете, кое одлично заврши Нормелето во Елбасан, се измеси и се наостри како челик во „литературната градина“ на времето и исполнет со волја за работа стана учител, професор на албанскиот роман и современ писател. Потоа, во постарата доба, со животната ризница од создавачкото, уметничко искуство, тој стана профет, ерудит и посебен глас во албанската литература и уште еден радиографист на албанскиот живот... „Како предците, како старите, како поумните на умните...“ напиша на 12 август 1984 година еден негов пријател во Бостон, Америка.

Стерјо Спасе со синот во рацете

Од четирите деца, само Стерјо стана учен и образован. Трите први и во селото Нивици, зашто тогаш Преспа беше под Грција. Во 1924 година Преспа потпадна под Албанија и Преспанци прв пат отидоа да пазаруваат во Корча. Во раната пролет на 1925 година во с. Горица се отвори првото училиште на албански јазик, каде што 11-годишниот Стерјо се запиша со неколку други деца. Првиот учител беше едно младо дете од Корча, кое се викаше Пандели Сина. Потоа дојдоа и Димитар Тола од Подградец и Марика Љубоња од Корча ...

Албанското бетаре, едно малко книжуле со синикави корици, беше првиот најголем подарок за Стерјо Спасе, кое му го подари татко му, кое му го купил во Корча. Тоа книжуле, и другите подоцна, запалија во градите на Стерјо еден голем оган за знаење, за образование, за светот да го научи со сите свои тајни и да може да направи нешто поубаво, посовршено Стерјо, едно живо и ентузијазно дете, честопати со татко си одеше во селската црква, каде што исто како и другите палеше свеќи, се молеше правејќи го крстот и со една посебна детска љубопитност ги набљудуваше фреските по ѕидовите, на таванот на црквата, му се чинеше дека се вртат дванаесетте апостоли на таванот, околу Господ и, тонеше во еден мистичен, сè уште непознат свет, за кој ќе фантазираше долго и долго сè не напиша: „...Светот на ништото, на празнината кој се врти околу ништото...“ Ќе алудираше и ќе пишуваше за првиот роман, кој го нарече „ЗОШТО?!“, со црните мисли за животот, кои го стегаа и избувнуваа од широките гради на писателот со целиот младешки оган: „...Џабе се родив, џабе живеам, џабе јадам, џабе пијам, џабе спијам, џабе ќе умрам, џабе жив, џабе умрен, џабе сè на овој свет...“, ќе продолжеше писателот со огнот на празнината сè додека еден ден не заклучи: „...Тоа што го барав долго, не го пронајдов - љубовта од младите години остана мистериозна, исто како и Господ Бог...“.

„Тоа што го барав толку време не го пронајдов - љубовта од младите години остана мистериозна, исто како и Господ Бог...“, пишуваше Спасе

(продолжува)

Спасе Танаси

АМАНДМАНСКА РАСПРАВА ВО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

ОМО „Илинден“ поразен во Брисел

Барањето за регистрација на ОМО „Илинден“ ПИРИН во Бугарија вчера не успеа да ја добие амандманската битка во Комисијата за надворешни работи на Европскиот парламент (ЕП). Амандманот што го поднесоа неколкумина пратеници од групата на Зелените со големо мнозинство беше отфрлен.

Пратеникот Џефри ван Орден подготви извештај за зачленувањето на Бугарија во ЕУ, кој вчера беше ставен на гласање. Пратеници од групата на Зелените сметаа дека тоа е добра можност да се направи притисок врз Бугарија да ја почитува одлуката на Европскиот суд за човекови права од Стразбур.

Тој неодамна ја осуди Бугарија на парична казна поради одбивањето од Софија да ја регистрира партијата ОМО „Илинден“ ПИРИН со аргумент дека станува збор за етничка партија. Софија смета дека со регистрирањето на партијата имплицитно ќе се признае и дека постои македонско малцинство, што Бугарија го одбива. Бугарската влада најави дека ќе ја плати паричната казна, но дека нема намера да ја спроведе одлуката на Судот и покрај тоа што портпаролот на комесарот за проширување Оли Рен изјави дека секоја европска земја има обврска да ги почитува и спроведува одлуките на судската инстанца.

Амандманот со кој од Бугарија се бара да ја регистрира партијата ОМО „Илинден“ ПИРИН беше отфрлен со образложение дека е тој скандалозен



Европските парламентарци ги погазија темелните принципи за човековите права

На одлуката од судот во Софија реагираат и во Директоратот за проширување на Европската комисија (ЕК) во службата задолжена за Бугарија, од каде што ги известуваат европратениците дека одблиску ги следат настаните. На сите средби со бугарските власти Брисел тврди дека редовно повторува оти почитувањето на малцинствата е еден од најголемите предизвици за оваа земја.

И во оваа реакција се потврдува дека судските одлуки мора да се почитуваат. Спроведувањето на судската одлука ќе биде набљудувано од Министерскиот комитет на Советот на Европа, паневропската организација во која членува и Македонија и која се наоѓа во Стразбур. Според службата на ЕК задолжена за Бугарија, Министерскиот комитет може политички да ја услови Бугарија да ја регистрира ОМО „Илинден“.

Откако предложениот амандман влезе во парламентарна процедура бугарските набљудувачи во ЕП интензивно лобираа тој да биде отфрлен. Според пишувањето на софиски „Стандарт“, лидерите на трите најголеми политички групи во ЕП, демохристијаните, социјалистите и либералите, одржале итни консултации на кои заклучиле дека „овој амандман е скандалозен“. Бугарските парламентарни набљудувачи тврдеа дека ова е провокација во моментот кога Бугарија влегува во ЕУ и кога може да биде најдобриот лобист за доближувањето на Македонија кон ЕУ.

- Ова не е конечна одлука и можеби не е сè загубено, коментираат извори од ЕП. Најавено е дека в среда, на 29 ноември, на пленарна седница на ЕП ќе се расправа повторно за извештајот за Бугарија и за амандманите, а гласањето е најавено за наредниот ден, 30 ноември. Овој пат амандманот ќе биде поднесен од името на целата пратеничка група, а не само од четворица пратеници - тврдат од ЕП.

Пасивна македонска дипломатија

Критика поради неусвојувањето на амандманот стаса и на македонска адреса. Неа ја упати пратеничката Елс де Грун, една од авторите на амандманот, која во соопштение рече дека не е изненадена од одлуката затоа што бугарските набљудувачи во ЕП интензивно работеле тој да биде одбиен. Де Грун смета дека вака чувствителна политичка тема бара секојдневно лобирање во ЕП од страна на македонската дипломатија.

Министерот за надворешни работи Антонио Милошоски реагира на оваа изјава изјавувајќи за „Дневник“ дека неговата последна посета во Брисел и средбите со 17 европратеници биле токму во функција на лобирање за да се пренесат интересите на нашата земја.

ПОЖАРОТ ВО АТИНА ПРЕД ОСУМ ДЕЦЕНИИ НЕ ЈА ИЗГОРЕ ВИСТИНАТА

Оригиналниот „Абецедар“ е во Скопје

Вангел Ајановски-Оче, познат македонски револуционер, му го подари букварот на Архивот на Македонија пред триесетина години

Во Република Македонија има само еден зачуван примерок од оригиналното издание на „Абецедар“, првиот буквар за македонските деца отпечатен пред 81 година во Грција. Книгата се чува во посебно депо во Архивот на Македонија и најверојатно тој примерок е еден од трите зачувани при уништувањето на целиот тираж во 1925 година. Учебникот е зачуван благодарение на грижата на Вангел Ајановски-Оче, познат македонски револуционер од Егејска Македонија, кој му го подарил букварот на Архивот пред триесетина години.

Ајановски ја добил книгата при крајот на Втората светска војна од еден македонски учител од Егејска Македонија, кој успеал да ја спаси од уништувањето. Кон крајот на седумдесетте години на минатиот век тој решил да ѝ ја подари целата своја лична архива на државната институција, откако повеќе од четири децении ја чувал во своето семејство. Ајановски беше создавач на Македонската антифашистичка организација (МАО) и на Тајната ослободителна македонска организација (ТОМО) во Воденско во текот и по Втората светска војна.

Другите два примерока на букварот, како што дознаваме, се во Градската библиотека на Виена, Австрија, односно во Националната библиотека во Атина, Грција. Оригиналниот примерок од Атина беше искористен од Македонците од Грција за да се направи копијата на „Абецедар“ чија промоција неодамна беше одржана во грчката престолнина. Букварот, наменет за описменување на македонските деца, претставува еден од најзначајните докази за постоењето на Македонците во Грција, кое грчките власти упорно го негираат.

Книгата беше отпечатена во Атина, во 1925 година како резултат на барањето на Друштвото на народите за да се обезбеди заштита на македонското малцинство во Грција. На 10 август 1920 година Грција потпиша договор пред Друштвото на народите за давање малцински права на граѓаните во Грција што не се етнички Грци. Договорот е потпишан во францускиот град Севр и во него пишува дека во Грција живеат припадници на повеќе народи, на кои грчката влада се обврзува да им ги даде основните национални права.

Но, судбината на букварот „Абецедар“ беше трагична - целиот печатен тираж бил запален и уништен во исцениран напад на возот со кој бил пренесуван кон местата во Грција каде што живеат Македонци.

Георги Ајановски, познат македонски новинар, посочува дека неговиот татко Вангел сосема случајно го добил букварот „Абецедар“.

- Тоа се случи во 1944 или во 1945 година, при една негова средба со еден од учителите што предаваше во македонските училишта. Татко ми ми раскажа дека желбата на учителот била букварот да послужи за описменување на најмладите македонски генерации и во другите краишта на Македонија. Познато е дека во тие години немаше никаков учебник од кој децата можеле да се описменуваат - вели Ајановски.

Тој додава дека овој примерок на букварот најверојатно го спасиле луѓето што први пристигнале до запалениот воз во чии вагони се наоѓал целиот тираж на изданието.

Букварот е еден од најзначајните докази за постоењето на Македонците во Грција

Букварот е одлично заштитен

Петар Зајковски, раководител на Одделението за заштита на архивскиот материјал во државниот архив, вели дека букварот се чува во посебни услови.

- Благодарение на условите во Архивот, букварот е во мошне добра состојба. Неговите корици се заштитени и со посебна хартија, која е отпорна на надворешните влијанија - вели Зајкоски.

ВО СОФИЈА РАЗУРНАТИ ГРОБОВИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ВЕЛИКАНИ

Крсте Мисирков почива под куп пластични шишиња

Никој не ги обновил гранитните плочи на гробот на Ѓорче Петров, кои се одамна украдени

Слика што кажува многу за македонските работи: гробот на Крсте Петков Мисирков на градските гробишта Орландовци во Софија

Досега никој од Македонија не побарал да се вратат моштите на Ѓорче Петров

Суви гранки, лисја и празни пластични шишиња го покриваат речиси пропаднатиот гроб на Крсте Петков Мисирков (1874-1926) на градските гробишта Орландовци во бугарската метропола Софија. Само од малата надгробна плоча на која му е испишано името може да се види дека тука се посмртните останки на една од најзначајните личности во македонската историја и култура.

Таа црна плоча, на која е напишано и името на неговиот син Сергеј, е единственото што им се спротивставува на времето и на негрижата за вечното почивалиште на човекот што ги постави основите на македонскиот литературен јазик, авторот на визионерското дело „За македонцките работи“, објавено во 1903 година.

Крадците, кои сè почесто ги сквернаат софиските гробишта, не го поштедиле ни гробот на револуционерот Ѓорче Петров, еден од бескомпромисните борци за македонска самобитност во Внатрешната македонска револуционерна организација.

Погребан е во 1921 година. Дел од гранитните плочи со кои беа опкружени неговиот и гробот на неговата роднина Стефанка Петрова се одамна украдени, а во меѓувреме никој не ги обновил.

Дознаваме дека во ништо подобра состојба не се ни другите почивалишта на луѓето што станаа дел од македонската историја од крајот на 19 и почетокот на 20 век.

- Ако нема некој од потомците на починатите, никој не се грижи за толку стари гробови. Едноставно, тие се оставени да пропаѓаат. Гледате, насекаде дрвја и грмушки, речиси никој не ги чисти парцелите. Не е исклучено по неколку години гробовите да мора да се испразнат, коските што ќе ги најдат ќе ги стават во импровизирани гробови, а местото да го продадат за пет-шест илјади евра бидејќи тоа се најстарите парцели - ни објаснува граѓанин што вчера го затекнавме на софиски гробишта.

Повеќе од очигледно, на гробот на Мисирков одамна не дошол никој. Ни годинава кога одбележуваме 80 години од неговата смрт, никој не оставил цвеќе, не запалил свеќа, не покажал никаков внимание кон покојникот. Пред неколку недели министерот за надворешни работи Антонио Милошоски му оддаде почит на Ѓорче Петров, но сè заврши со положување венец во знак на благодарност од македонскиот народ.

Во Управата на гробиштата Орландовци не можеа да го најдат бројот на парцелата на Мисирков. Се водела евиденција само за починати од 1930 година наваму. Единствениот правнук на Мисирков, кој поради својот професионален ангажман живее во Италија, во Софија доаѓа само повремено. Недалеку од Софија се наоѓа семејната куќа на Мисирков, која е целосно празна. Роднини и потомци на Ѓорче речиси нема во овој град.

Наспроти сето тоа со децении не може да се оствари идејата за пренесување на посмртните останки на големите дејци од Бугарија во Македонија. Академик Блаже Ристовски на неодамнешното чествување во МАНУ потсети дека местото предвидено за Крсте Петков Мисирков во алејата на скопските гробишта Бутел, до гробот на Димитрија Чупоски, е сè уште празно. Првата иницијатива за враќање била преземена веднаш по Втората светска војна, но без успех. Подоцна југословенските власти не сакале ова прашање да го постават во контактите со бугарските власти. Идејата беше обновена во 1993 година, а новата е од 2002 година, кога Друштвото на писателите на Македонија ја реактивира во пресрет на одбележувањето на стогодишнината од излегувањето на делото „За македонцките работи“. Прашањето, пак, за враќање на посмртните останки на Ѓорче Петров никој досега сериозно не го поставил, не само во неговиот роден Прилеп. Но, не помалку загрижувачко е тоа што никој не ни спомнал да се заштитат или да се поправат гробовите на двајцата македонски великани.

- Потребни се од илјада до две илјади евра за да се направи гроб од цврст материјал. За 250 евра годишно може да се најдат луѓе во Софија, кои постојано ќе се грижат за него, ќе го чистат, ќе палат кандило на празници и сè друго што е ред - ни објаснува човекот дојден да ги посети гробовите на своите блиски.

МАНУ пак ќе бара враќање на останките

- Македонската академија на науките и уметностите одново ќе покрене иницијатива да се префрлат останките на Мисирков во Скопје. Ние имаме обврска да го направиме тоа бидејќи неговите заслуги за македонскиот народ се историски. Знам дека има многу пречки, но не можеме да се помириме со ваквата состојба - вели академик Блаже Ристовски.

СКАНДИНАВЦИТЕ ОДУШЕВЕНИ ОД МАКЕДОНИЈА

Финско село ќе никне во Мариово

Одушевени од чистиот воздух, недопрената природа и од богатиот животински фонд на прилепскиот дел на Мариово, фински бизнисмени најавуваат дека тој предел ќе го претворат во дестинација за селски туризам. Група фински бизнисмени и ловции една недела престојуваа во Мариово за да се запознаат со неговите можности и убавини.

По посетата на прилепскиот дел од Мариово, групата фински бизнисмени и ловции најавуваат дека ќе го претворат тој дел во дестинација за селски туризам

Бендисале два објекта за реставрирање во селото Манастир.

Локалната власт во Прилеп најави дека ќе издава бесплатно куќи, домови, училишни згради за да го ревитализира мариовскиот крај. Наскоро ќе биде објавен и огласот за изнајмување објекти, а посебна комисија од локалната самоуправа ќе одлучува кој ќе добие објект.

Финците меркале објекти за инвестирање во овој еколошки предел напуштен пред повеќе од 40 години. Тие основаат мешовита македонско-финска фирма, која ќе инвестира во сместувачки капацитети за селски туризам.

- Во Финска ги нема овие планини и убавини и овој чист воздух. Одушевени сме од Мариово. Се запознавме со убавините на мариовскиот крај и видовме интересни животни. Планираме да направиме финско село, во кое ќе престојуваат фински туристи - вели Хари Лехвонен, фински бизнисмен, по четвртата посета на Прилеп и Мариово.

Мариовци со традиционалната гостопримливост ќе ги дочекаат Финците

Градоначалникот на Прилеп Марјан Ристески договорил да потпишат протокол, според кој Месната заедница и училиштето во селото Манастир ќе им ги предадат на Финците за да ги обноват.

- Финците имаат намера да изградат сместувачки капацитети и да доведат туристи во Мариово, бидејќи недопрената средина е идеална за развој на селски, еколошки, манастирски, рибен и ловен туризам - вели Ристески.

Советот на Прилеп презеде иницијатива за ревитализација и за забрзан локален економски развој на прилепскиот дел на Мариово.

- Голем е интересот за бесплатно издавање на објектите во Мариово.Ќе им подариме куќи и на странските амбасади. Очекуваме со инвестицијата во уредувањето на ураниираните куќи да се врати животот во Мариово. Предност ќе имаат проекти што нудат одржлив економски развој со зачувување на автентичноста на објектите- вели Ристески.

Се издаваат седум училишта

Досега клучеви од мариовски куќи им се подарени симболично на неколку странски амбасади. За издавање се евидентирани над 100 индивидуални напуштени куќи.

Ќе се даваат седум училишни згради со 1.200 квадратни метри во селата Витолиште, Манастир, Полчиште, Дуње и други и пет задружни домови со површина од 627 квадратни метри.

Локалната самоуправа е убедена дека прилепскиот дел на Мариово ќе се ревитализира и со изградбата на најавените хидроелектрични централи на Црна Река.

Во прилепскиот дел на Мариово има 14 населени места, во кои живеат околу 350 жители и тоа повеќето старци.

ТРАДИЦИЈА

ЛЕГЕНДИ, ПАТОПИСИ, ПЕСНИ

Легенди од Преспа

(СТАНОЖЕН)

Некогаш, некаде во некои ливади на селото Шулин, меѓу високите гори и планини, таму каде што денес е месноста Станожен, во месец мај жнееле трева повеќе селски млади невести и девојки. Меѓу нив била и убавата млада невеста Стана.

За жал, жнеејќи, невестата Стана е каснало отровна змија на раката. Таа и другарките не му обрнале поголемо внимание на каснатото од змијата. Само е измиле раната со вода. Девојките и невестата, откако јаделе ручек, налегнале да одморат под ладните сенки на буките покрај ливадите.

Кога дошло времето за да станат да жнеат, сита станаа, а младата невеста Стана не станала. Таа умрела од отровот на змијата. Нејзиниот младоженец Стојан, иако Стана е однесол дома самиот, на раце, и од како е погребале, не сакал да се помири со судбината што го нашло.

И на гробишта, и кај местото каде невестата починала од змијата тој одел години со ред, плачел и се молел викајќи: Стани мори Стано - Стани жено! Али, се знае дека Стана повеќе не станала, а на месноста каде викал мажот и му останало името Станожен.

(БОЖУРКИТЕ)

Блиску до денешното село Пустец, (бидејќи старото село било каде што денес е месноста Старосело), некогаш живееле три божји убавици, три Божици, кои тогашните селани, кои верувале во верата и во Бога, можеле да ги сретнат особено во ноќи осветени од Месечината. Тие биле света Недела, света Ана и света Софија.

Во нивна чест, тогашните селани од Старосело имале изградено и три мали црквичиња, каде што светиците некои од селаните можеле да ги видат и со голо око. Светиците им помагале на селаните од Пустец и другите околни села за лекување на разни болести и други несреќи. Али трите божици исчезнале откако Преспа потпаднала под турско ропство и тука се појавила турска војска.

Божиците се скриле некаде, по пештерите на Преспанско Езеро, а местото каде што тие биле дотогаш се нарекло и ден-денес се вика Божици. Со текот на времето тоа место се прекрсти и се вика Божурки.

(ГРОБИШНИК)

Некогаш, за време на владеењето на цар Самуил во Преспанскиот регион се случи еден голем земјотрес, кој срушил и поплавил неколку села и градови околу Преспанско Езеро. Тогаш се срушило и се потопило од вода и Старо Село бидејќи се покачи многу и нивото на водата.

Преживеаните селани од Старо Село решиле да го изградат новото село покрај другата ближна тумба која се викаше Гапче и селото го крстиле Пустец затоа што Старото се испусти од земјотресот. Али сите другите селани кои починале под урнатините од земјотресот, ги однесле и ги закопале на тумбата која е нарекле Гробишник.

Пет века после тоа, кога турската војска стапила и во Преспа, и во Пустец, од како му се бендисала месноста Гробишник покрај бистрите води на Преспанско Езеро, решила со камењата на гробовите да гради кули за војската.

И така направила без да ги земе предвид молбите на селаните за нивните гробишта кои му ги рушеле. Али, не отишле долго и, еден други земјотрес, целосно е срамна една ноќ турската касарна, која ги зафатила и ги покрила скоро сите турски војници што спиеле внатре.

Така на Гробишник се отвориле и се закопале Турците во турски гробишта. Гробиштата се испомешале што никој не може да ги одвојува кои биле турски и кои рисјански. Само се знае тоа што месноста стана да го носи вечно името Гробишник, а од селаните и ден-денес да се смета како место за гробишта и за несреќи.

Пишани од Гуре Дума
Изработени од Спасе Мазенковски

Поздрави со песна од Брајчино

Се викам Вангел Папа. Роден сум во Мала Преспа под Албанија, а живеам во селото Брајчино во Македонија.

Пишувам песни, со кои учествував на повеќе натпревари на кои сум освојувал и награди.

Сакам да пратам една песна, да се објави во весникот „Преспа“, со цел да го поздравам весникот и да му посакам долго да живее за повеќе да се шири гласот на мојот роден крај на наш јазик, на мајчин македонски јазик. Со тоа ги поздравувам и сите читатели на весникот, а особено моите роднини, моите братучеди во селата Пустец и Туминец. Нека ни е убав и вечен нашиот весник „Преспа“. Мојата песна е:

Мој роден крај

Од срце те сакам мој роден крај,
те молам, знај!
Твојата убавина ти нема крај,
за мене е рај.

Таму јас пораснав,
во природата мила
која лулка ми била,
Таму Преспа раскошно се свила
дава надеж, дава сила.

Таму езерото бранува, сјае,
Таму љубовта вечно трае,
Тоа од секогаш, секој го знае,
Е па, луѓе знајте: тој мој крај е!
Вангел Папа

Срдечни поздрави, среќно детство и среќна младост му посакува весникот „Преспа“ на Вангел како одговор за искрените поздрави и прекрасната песничка што ни ја прати.

Од „Преспа“

За смеење и за ...

Седат тројца цајкани во канцеларија и гледаат фудбалски натпревар.

Едниот им вика на другите:

- Ех да небеШе Никола Тесла сега ќе гледавме во мрак!

☺

Му вика таткото на синот:

- Учи синко учи. Никој неумрел од учење!

- Зарем тато сакаш јас да бидам првата жртва!- му рекол синот.

☺

Седел Пере на дрво и јадел банана. Го виделе другарите и му велат:

- Ej, Пере, мајмуните одамна се симнаа од дрвата.

Пере само кратко им одговорил:

- Гледам дека се симнале.

☺

На еден поток една жена си перела алишта на старински начин. Додека перела се одронила една карпа, ја погодила во глава и ја убила. Дошол мажот по некое време и кога ја видел жена си извикал:

-Да ѝ се плукнам на мојата среќа. И третата машина ми се уништи од каменец.

☺

Малиот Марко за роденден побарал од мајка си да му купи велосипед, но таа му рекла дека не може. Тој се растажил и ја прашал дали може да излезе и да оди во црква.

Мајката малку се зачудила, ама го пуштила.

Марко отишол во црква и откако разгледал наоколу, грабнал една икона од Богородица и избегал. Отишол дома и седнал да пишува порака до Господ.

Пораката гласела: „Господе, ја киднапирав мајка ти, ако сакаш пак да ја видиш, дај ми еден велосипед“.

☺

Тошо цел ден го мачела грижа на совест. Колку и да се обидувал да го заборави она што се случило, не успевал. Од време на време, ќе го слушнел гласчето на утеха, кое му извирало од потсвеста и кое велело:

-Тошо. Немој да се обвинуваш. Не си ни првиот, ни последниот лекар што спиел со пациент...

Но, во реалноста го враќал гласот кој му велел:

- Тошо, ти си ветеринар.

☺

- Ех сине, мора да знаеш дека кога бев како тебе немав што да облечам и бев повеќе гладен, отколку сит.

- Значи тато ти сега си многу среќен што живееш со нас.

☺

Разговараат преку мобилни телефони, мравката на подот и пајакот на плафон.

Мравката:

- Ej, здраво што правиш?

Пајакот:

- Извини, ама ништо не те слушам, не сум во мрежата.

☺

- Дали треба да се воведе сексуално образование во училиштата?

- Да, тоа е паметна идеја, но само под услов да нема домашни задачи.

ПРЕСПА

Издава: Заедницата на Македонците во Албанија
Главен и одговорен уредник: Спасе Мазенковски
Извршен уредник: Христо Ивановски
Лектор: Елеонора Стојкоска
Компјутерска подготовка: Гордана Наумовска
Фотографии: Архива „Дневник“
Редакција: Фоте Никола, Илинден Спасе, Миранда Шутина, Назив Докле, Евтим Митревски, Крисанда Јанкула
Адреса: Спасе Мазенковски, с. Леска, Пустец - Корча, Република Албанија
Тел. за контакт: 00389 70 912-943 00389 75 962-611
Печати: Печатница „ДЕ“ - Скопје
Спонзор: Редакцијата на „Дневник“
Банка: Популоре Дега Корце - Албанија
НР. ЛОГ: 000026795,
BANK CODE: 21341010